ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 12-211/12

Дата: 02.09. 2010

ДО
ОПШТИНА ВЕЛЕС

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката за Наменски дотации (937) на Општина Велес за 2009 година.
Во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и усогласеност со закони и прописи за 2006 година не се утврдени неправилности и не се дадени препораки.
На оваа сметка се евидентирани трансферите од Министерство за внатрешни работи по основ на наменски дотации за извршување на расходите за финансирање на противпожарната заштита во делот на платите и надоместоците на вработените. Средствата се користат за основни плати и надоместоци, придонеси за социјално осигурување од работодавачите и останати придонеси од плата.
За вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи за 2009 година и за усогласеност со закони и прописи изразено е мислење без резерва.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 5 и 6 заедно со ревизија на усогласеност на сметката за Наменски дотации (937) за 2009 година на Општина Велес, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е

извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката за Наменски дотации (937) на Општина Велес за 2006 година. Изразеното мислење за вистинитоста и објективноста на финансиската состојба на сметката за Наменски дотации (937) на Општина Велес под 31 декември 2006 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, како и за усогласеноста со закони и прописи е позитивно.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Аце Коцевски – градоначалник до 07.04.2009 година;
- Горан Петров – градоначалник од 08.04.2009 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување на мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Општина Велес се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.
- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4 на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за

нашето ревизорско мислење.
Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 22 до 23.06. 2010 кај Општина Велес од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Ревизорско мислење

Според наше мислење, финансиските извештаи ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката за Наменски дотации (937) на Општина Велес на ден 31 декември 2009 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи, во сите материјални аспекти се во согланост со релевнтната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Скопје, 30.08. 2010 година


*1.* ____________________________
*2.* ____________________________ ______________________

**ОПШТИНА ВЕЛЕС**
**СМЕТКА ЗА НАМЕНСКИ ДОТАЦИИ (937)**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 10.182 | 9.705 |
| **Вкупно приходи** | | **10.182** | **9.705** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.2.1. | 10.182 | 9.705 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **10.182** | **9.705** |
| **Вкупно расходи** | | **10.182** | **9.705** |

**ОПШТИНА ВЕЛЕС**
**СМЕТКА ЗА НАМЕНСКИ ДОТАЦИИ (937)**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1. | 849 | 764 |
| **Вкупно тековни средства** | | **849** | **764** |
| **Вкупна актива** | | **849** | **764** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.2.1. | 849 | 764 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **849** | **764** |
| **Вкупна пасива** | | **849** | **764** |